ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-796/4**

**Дата: 15.11.2013**

**ДО**
**ЛИБЕРАЛНО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА - ЛДП**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Либерално - демократска партија–ЛДП (во натамошниот текст ЛДП) на сметката за редовно работење.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, при што е утврдено дека четири препораки не се спроведени и две препораки се делумно спроведени.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЛДП за редовното работење за 2010 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

За вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба на ЛДП за 2012 година, ревизијата не е во можност да изрази мислење, а за Билансот на приходи и расходи за 2012 година изразивме мислење со резерва. За усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, изразено е мислење со резерва.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, констатирани се следните состојби:

- непостоење докази за потврдување на дел од износот на почетната состојба

на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- не извршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства;
- непостоење докази за потврдување на пресметаната амортизација за набавките од минати години и не е пресметана ревалоризација на постојаните средства;
- постојат неправилности поврзани со благајничкото работење;
- непостоење на договори за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на дел од деловните простории кои ги користат општинските организации и
- извршени плаќања без соодветна документација.

Надлежните органи на партијата потребно е да превземат активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување во делот на регулирање на висината и начинот на плаќање на членарината.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизијата, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за редовно работење на ЛДП, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЛДП за редовното работење за 2010 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Андреј Жерновски, претседател на ЛДП.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ЛДП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите

постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата не беше во можност да обезбеди достатни докази потребни за потврдување на:

- дел од износот на почетната состојба на позициите во активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- тековната состојба на постојаните средства (не е извршен попис и сметководствено усогласување на истите, нема докази за начинот на пресметување на амортизацијата за набавената опрема во минати години за која ЛДП не поседува документација и не е пресметана ревалоризација);
- неколку плаќања кон добавувачи.

Поради наведеното, не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата не беше во можност да обезбеди достатни докази потребни за потврдување на:

- дел од износот на почетната состојба на позициите во активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;

- тековната состојба на постојаните средства (не е извршен попис и сметководствено усогласување на истите, нема докази за начинот на пресметување на амортизацијата и нема пресметано ревалоризација);
- неколку плаќања кон добавувачи.

Поради наведеното, не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.07.2013 до 24.07.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година. Од дадените шест препораки, четири препораки не се спроведени и две препораки се делумно спроведени. Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај, беше потребно да бидат дискутирани на завршниот состанок, закажан на ден 12.09.2013 година. Во закажаниот термин, во просториите на партијата не се појави законскиот застапник или друго овластено лице од него, поради што состанок не се одржа.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизијата, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Годишната сметка за финансиското работење за 2012 година и Годишниот финансиски извештај се ненавремено доставени до надлежните институции (Управа за јавни приходи, Централен регистар и Државен завод за ревизија) и не се објавени на веб страната на партијата, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 26 и 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии. Наведените состојби влијаат на навремена достапност на информациите до јавноста и надлежните институции.

**Препорака:**
Одговорните лица во партијата да преземат мерки и активности за навремено доставување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај до надлежните институции и нивно објавување на веб страната на партијата.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со увид во документацијата на ЛДП, ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е спроведен попис и не е извршено сметководствено усогласување на средствата, побарувањата и обврските и изворите на средства;
- не е презентирана документација за потврдување на дел од почетната состојба на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба во износ од 4.558 илјади денари. За наведената состојба овластениот државен ревизор извести и во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година и
- не може да се потврди пресметаната амортизација во тековната година, која се однесува за материјални средства набавени во минати години, како и не е пресметана ревалоризација за тековната година.

Отсуството на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со кои ќе може да се поткрепат наведените состојби, не е во согласност со одредбите од Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и истовремено претставуваат причина поради која ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември.
Во текот на ревизијата од страна на претседателот на партијата, донесена е одлука од 24.07.2013 година, со која се задолжува Извршниот одбор да преземе активности за формирање комисија за спроведување годишен попис на средствата, побарувањата и обврските на ЛДП за 2013 година.

**Препорака:**
Одговорните лица во партијата да преземат мерки за целосна имплементација на отпочнатите активности за воспоставување пракса за спроведување попис, а по завршување на пописот резултатот од истиот да се воведе во деловните книги врз основа на уредна документација/ предлози од пописната комисија, како и да се воспостават и применат сметководствени политики за пресметување на амортизација и ревалоризација на постојаните средства.

4.2.2. Во 2012 година извршени се исплати од сметката на партијата во износ од 4.236 илјади денари, од кои 1.722 илјади денари или 41% од исплатите се извршени во готово, односно преку благајната. Исто така, ЛДП има донесено Одлука за висина на благајнички максимум со која максималниот износ на готовина во благајната е утврден на 70 илјади денари.

Со увид во сметководствената документација за плаќањата извршени преку благајна на партијата, ревизијата ги утврди следните состојби:

- документ – благајнички извештај не се изготвува редовно, односно во 2012 година изготвени се само 2 благајнички извештаи, а документот каса исплати не се потпишува од лицата за прием/исплата на средствата;
- сметките во прилог на благајничките извештаи се од различен период во годината, односно нивното евидентирање не е навремено, ажурно, и хронолошки, што не е во согласност со член 5 од Законот за сметководство на непрофитни организации;
- извршени се плаќања во готово во вкупен износ од 1.535 илјади денари, по основ закуп за деловен простор, ангажирани лица по договор на дело, набавки на опрема и ситен инвентар, чии поединечни износи го надминуваат законски дозволениот лимит од 6 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет.

Наведените состојби не го одразуваат временскиот редослед на настанување на деловните промени односно трансакции и претставуваат ризик од можни сметководствени грешки.

**Препорака:**

Одговорните лица во партијата да преземат мерки и активности за водење на деловните книги согласно сметководствените начела за целосно, комплетно, навремено, ажурно и хронолошко водење на податоците регистрирани во деловните книги, како и за придржување до одредбите од Законот за платниот промет.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.3. Со извршениот увид во деловните книги, ревизијата констатира дека партијата не поседува градежни објекти во нејзина сопственост, а врз основа на доставените податоци од ЛДП за бројот и територијалната поделба на општинските организации констатиравме дека партијата својата активност ја остварува преку 50 општински организации, согласно кои:

- за 43 општински организации не користи простории;
- за 3 општински организации користи објекти под закуп за одреден надомест, согласно склучени договори и

- за 4 општински организации користи заеднички простории со друг субјект (единици на локална самоуправа) без надомест, за кои на ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски за користење на истите,

поради што за користењето на заедничките простории со друг субјект не постои можност за потврдување на висината на донацијата, што не е во согласност со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, имајќи го предвид фактот што не се плаќа надомест за користење на просторот.

**Препорака:**
Одговорните лица во партијата да преземат мерки и активности за регулирање на начинот на уредување на меѓусебните права и обврски за користење на деловен простор.

4.2.4. Во Конечниот извештај за 2010 година овластениот државен ревизор извести дека за дел од извршените плаќања не е приложена документацијата, која состојба продолжува и во текот на 2012 година. Ревизијата утврди дека за исплатени средства во износ од 423 илјади денари, недостасуваат фактури од добавувачите, како потврда за оправданоста на извршените плаќања, што не е во согласност со Законот за сметководството за непрофитните организации.

Извршеното плаќање врз основа на некомплетна документација може да доведе до ненаменско и незаконско користење на средствата со кои располага партијата.

**Препорака:**
Одговорните лица во партијата да преземат мерки и активности за секоја извршена трансакција да се обезбедува и приложува документација, како потврда за настанатите финансиски промени.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупни ефекти од изнесените наоди во точката 4.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се:

- непостоење докази за потврдување на дел од износот на почетната состојба на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- не извршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства;
- непостоење докази за потврдување на пресметаната амортизација за набавките од минати години и не е пресметана ревалоризација на постојаните средства;
- неправилности поврзани со благајничкото работење;

- непостоење на договори за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на дел од деловните простории кои ги користат општинските организации и
- извршени плаќања без соодветна документација.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата наведени во точката од 4.2. ние не бевме во можност да добиеме достатни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење за Билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година.
Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 4.2. Билансот на приходи и расходи го претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти резултатот од финансиските активности за 2012 година, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење – за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ЛДП, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]“.

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

6.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

6.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоре наведените законски акти.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

7.1. Во член 13, став 1, алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина. Под членарина се подразбира редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 39 од Статутот на ЛДП, Централниот одбор ја пропишува висината на членарината и начинот на нејзиното прибирање. Од страна на Централниот одбор на партијата, донесена е Одлука за обезбедување на средства за функционирање на ЛДП од членарина, со која се дефинирани висината и начинот на плаќање на членарината по категории на лица (органи и членови на партијата). Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во пракса одредбите од наведената одлука не се применуваат од членовите, што предизвикува намалени приходи на партијата и претставува ограничување во извршувањето на нејзините активности.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | Образложенија | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 3.1.1. | 1 | - |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 3.1.2. | 3.107 | 2.982 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 3.1.3. | 1.255 | 434 |
| **Вкупно приходи** | | **4.363** | **3.416** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 3.331 | 1.121 |
| Други расходи | 3.2.2. | 902 | 1.040 |
| **Вкупно расходи** | | **4.233** | **2.161** |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | | **130** | **1.255** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | Образложенија | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 574 | 1.699 |
| Краткорочно - финансиски побарувања | 4.1.1.2. | 1.464 | 1.464 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.3. | 267 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.305** | **3.163** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 918 | 423 |
| Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | 4.1.2.2. | 2.300 | 2.300 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3.218** | **2.723** |
| **Вкупна актива** | | **5.523** | **5.886** |
| **Пасива** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Добавувачи | 4.2.1.1. | 114 | 12 |
| Обврски спрема државата и други институции за даноци и придонеси и други обврски | 4.2.1.1. | 165 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1.2. | 3.286 | 4.411 |
| **Вкупни краткорочни обврски** | | **3.565** | **4.423** |
| **Извори на средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.2.2.1. | 1.951 | 1.456 |
| Ревалоризациона резерва | 4.2.2.2. | 7 | 7 |
| **Вкупно извори на средства** | | **1.958** | **1.463** |
| **Вкупна пасива** | | **5.523** | **5.886** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **1.456** | **7** | **1.463** |
| **Зголемување по основ на:** | **654** | - | **654** |
| Набавки | 654 | - | **654** |
| **Намалување по основ на:** | **159** | - | **159** |
| Амортизација | 159 | - | **159** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **1.951** | **7** | **1.958** |